Веселин Мишниќ ( 1954, Колашин, Црна Гора) е современ српски и црногорски книжевник, писател, раскажувач, поет, сатиричар и есеист. Филолошкиот факултет и Факултетот за физичка култура. Живеел и работел во Цетиње и Беч. Исклучиво се бави со книжевност и живее и твори во Белград.

Добитник на многубројни награди и признанија, но најзначајна е престижната награда за сатира „Радивоје Домановиќ"(2011)

**ПУСТИНСКА УСПИВНА ПЕСНА**

Очите ти се полни со песок
бидејќи пустината е
така блиску
Мила

Ме гледаш додека спијам
Ме држиш за раката
Од сон во сон ме пренесуваш
Како бродар што душата
во Ад ја пренесува

А јас мирно во соништата лутам
бидејќи знам
ако потонам
ќе бидеш покрај мене
за секогаш
да ми ја подадеш раката за спас

**КАРВАН ВО ПУСТИНАТА**

Запрете го карванот
Овде времето се спушта
Овде и јас ќе запрам
Малку повеќе има песок во очите
нема да ми наштети
Треба за трен да се запре
Да се здивне од долгото патување

Да се почине со спомените
Во недостижноста
Мила
Покажувајќи му го лицето на светот
и на светлината да и се насмееш в лице

Да се зачува убавината
на ова долго патување
како што поетот
насобраната
тага своја
од заборавот ја чува
така што им ја
подарува на сите

**РОДНОКРАЈНИ ПТИЦИ**
**БЕЛА ПУСТИНА**

Ќе ти ја доверам тајната
љубов моја
Пустината никогаш не мирува
Она се пренесува од човек на човек
А тоа е патувањето
што трае како и вечноста

Ме глеаш белолико
Со своите очи заматени
Како да не веруваш

Жена ти од окото ти извади песок
Пустината и пред мене
Ти ја повери оваа потресна приказна
Што од љубопитните се тае
А ти се смешкаш
свесна
дека го допревме
она немерливото во нас

и дека
нашите зборови
ќе и се вратат на пустината
каде беа и започнле

**РОДНОКРАЈНИ ПТИЦИ**

Во родниот крај Враните и Чавките
беа птици што ја донесуваа среќата
Едните ја донесуваа есента
а другите ја најавуваа зимата
и пролетта.

Затоа нашите најубави девојки
беа завиени во црно
Замотани во мрак на очите
Од главата до петиците
Сите можеа да истрпат
Нив сè ги повредуваше
и времето и невремето
и болката на браќата и лелекот на сестрите
неомажени

Само мајките и чавките
и гавраните луталици
од заразата
од мршите
ги чуваа гробиштата и сведоштвата

**Избор и препев: Петко Шипинкаровски**

Меѓународна ревија за литература и култура, година VIII, бр.16 Струга, лето 2018 година; цена 100денари; за странство 3 евра

БРАНУВАЊА